**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување на Одлука за донесување на Предлог-урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за локалитет Ограѓа-измена и дополнување 2009-2019 6,0 ха-општина Илинден со Арх. Број 07-1322/3 од 27.07.2009 година.**

**Се прогласува Одлуката за донесување на Предлог-урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за локалитет Ограѓа-измена и дополнување 2009-2019 6,0 ха-општина Илинден со Арх. Број 07-1322/3 од 27.07.2009 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на шестата седница одржана на ден 27.07.2009 година.**

**Архив. Број 08-1383 /1**
**Од 28.07. 2009 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Согласно член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Закон за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 26 став 6 и став 8 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/2005 и 137/2007 и 24/2008), како и врз основа на претходно добиена Согласност бр.10-913/17 од 16.07.2009 година, Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 27.07.2009 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за донесување на Предлог- Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за локалитет Ограѓа – измена и дополнување – 2009-2019 – 6.0ха – општина Илинден**

**член 1**

Со оваа одлука се врши донесување на Предлог - Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за локалитет Ограѓа – измена и дополнување – 2009-2019 – 6.0ха – општина Илинден.

**член 2**

Граници на планскиот опфат на урбанистичкиот план се движи:
- на север – по осовина на улица со КП 2831,
- на исток – осовина на КП 1212/ до КП 1213/2,
- на југ – осовина на КП 1219/2,
- на запад – по осовина на улица КП 1614.

Површината на планскиот опфат изнесува 6.0 ха.

Со Предлог – Урбанистичкиот план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за локалитет Ограѓа – изменување и дополнување – 2009-2019 – 6,0 ха – општина Илинден се предвидуваат зони со класи на намена:

- А - ДОМУВАЊЕ
- А3 – групно домување
- Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
- Б2 – големи трговски единици
- Б6 – простори за собири
- В – ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
- В1 – образование
- В2 – објекти од здравство
- Д – ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
- Д1 – парковско зеленило
- Д3 – спорт и рекреација
- Е – ИНФРАСТРУКТУРА
- Е1- Комунална инфраструктура
- Е2- Комунална супраструктура

**член 3**

Предлог- Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино – за локалитет ОГРАЃА - изменување и дополнување- 2009-2019- 6,0ха - општина Илинден со технички број 44/09, изработен е од Друштво за планирање , проектирање и инжинеринг Простор ДОО Куманово и содржи документациона основа и планска документација со текстуален и графички дел.

**член 4**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од јавна презентација, јавна анкета и стручна консултација бр.10-913/13 од 01.07.2009 година.

**член 5**

Урбанистичкиот план со сите негови делови се составен дел на оваа одлука и истиот се чува и за негова реализација се грижи Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина на општина Илинден.

**член 6**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Арх.број 07-1322/3**
**Од 27.07.2009 год.**

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

Решение за прогласување на Одлука за донесување на Предлог-урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за локалитет Ограѓа-измена и дополнување 2009-2019 6,0 ха-општина Илинден со Арх. Број 07-1322/3 од 27.07.2009 година......................................стр.1

Одлука за донесување на Предлог-урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за локалитет Ограѓа-измена и дополнување 2009-2019 6,0 ха-општина Илинден со Арх. Број 07-1322/3 од 27.07.2009 година...............................................................................стр.2